РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 10.03.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 963/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден по службена должност;
2. **Субјект на надзорот:** Република Северна Македонија Државен универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип – Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ;
3. **Период опфатен со надзорот:** од 10 до 16 февруари 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 март 2025 година;
5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*)

   - **Упатство за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт** (Бр. 01-2265/1 од 03.05.2018 г.)

6. **Претходно изречена мерка:** **/**
7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа - УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, емитуван во периодот од 10 до 16 февруари 2025 година, на локално ниво**, констатирано е прекршување на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Анализата направена врз еднонеделниот програмски сервис од 10 до 16 февруари 2025 година, покажа дека непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, не спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт врз основа на кој добила дозвола за работа. Радиодифузерот емитуваше само - музика и програмски сегменти без новинарски и без уредувачки ангажман (*самопромотивни најави / одјави и самоидентификациски информации*).

Непочитувањето на програмската структура, пријавена во постојниот програмски концепт на Радиото, првично беше евидентирано по редовниот мониторинг извршен врз програмскиот сервис емитуван на 2 декември 2024 година (арх. бр. 10 - 5257/1). Оттаму мотивот за спроведување вонреден надзор по службена должност, со кој е констатирано следново:

- Во програмскиот концепт, врз основа на кој му е издадена дозволата за радиоемитување, важечка од 05.01.2024 година - УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ се обврзало:

- да биде наменето за студентите и за академската заедница од Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип;
- говорниот дел од програмскиот сервис да го емитува на македонски јазик;
- неделно да емитува **сопствена говорна програма** со траење од **17 часа и 30 минути**, во кои - застапеноста на информации и на други содржини важни за подрачјето каде што се емитува радиосервисот да биде вкупно - 10 часа и 30 минути, уредувачки распоредени на:

  - 3 часа и 15 минути програма со информативна функција;
  - 3 часа и 20 минути програма со образовна функција;
  - 3 часа и 55 минути програма со забавна функција.

- **еднонеделната музика** да биде вкупно **149 часа и 30 минути**;
- еднонеделно, **другите програмски сегменти** да траат вкупно **1 час**;

Споредбено, по наодите од вонредниот надзор врз програмскиот сервис за неделата од 10 до 16 февруари 2025 година – не беше почитувана горенаведената програмска структура, затоа што не беше емитувано ништо освен: - **161 час 31 минута и 42 секунди музика**; и - **6 часа 28 минути и 18 секунди други, неновинарски програмски сегменти**.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во неделата од 10 до 16 февруари 2025 година, непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радиодуфузна дејност.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на радиодифузерот – *Република Северна Македонија Државен универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип – Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ* -, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година), да му наложи – во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи

своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***